EUROPEAN WOMEN'S
LOBBY
EUROPEEN DES FEMMES

**Европско женско лоби**

**Барометар за силувањето во Европската Унија 2013**

Европското женско лоби е најголемата чадор организација на женски асоцијации во Европската Унија , кое работи на промовирање на женските права и еднаквоста помеѓу жените и мажите. Во ЕЖЛ членуваат повеќе од 2000 организации од сите земји членки на ЕУ и во земјите кандидати , исто така ги опфаќа и европските асоцијации кои работат ширум Европа.

**Обсерваторија за насилство над жените во рамки на Европското женско лоби**

Во 1997 год. Европското женско лоби ја формираше Обсерваторијата за насилство врз жените која претставува група од по еден експерт од секоја земја членка на ЕУ, земјите од Европската економска заедница , од земјите кои се во формален процес на пристапување во ЕУ и придружни експерти од соседните земји кои имаат експертиза во областа на насилството врз жените. Обсерваторијата е централна компонента на ЕЖЛ и е инструмент во одржувањето на глобалната перспектива за насилството врз жените, во идентификувањето на критичните и итните прашања, во мониторингот на прогресот во борбата против насилството врз жените на национално ниво, на ниво на ЕУ и на меѓународно ниво.

Задачата на Обсерваторијата е да дава советодавна поддршка на  ЕЖЛ како да се развијат препораките за европските институции со цел да се следат активностите и да се изградат стратегии за да се подобри превенцијата против насилството врз жените и заштитата на жените жртви на насилство. Европското женско лоби и членките на Обсерваторијата го мониторираат процесот на развој на политиките на национално, европско и меѓународно ниво. Во овој контекст експертите се оние кои се во првите редови во идентификувањето на критичните и итните прашања.

**Барометар за силувањето во 2013**

Европското женско лоби работи на сите форми на насилство врз жените од страна на мажите, идентификувајќи го истото како најсериозно и глобално раширено прекршување на женските човекови права и основни слободи и како причина и последица за родовата нееднаквост во Европа. Сепак насилството на мажите врз жените останува невидливо и потценето.Ова е посебно важно за сексуалното насилство. Затоа, суштествено за Европското женско лоби е да ја зголеми свесноста за значењето на оваа појава и да се совладаат/намалат формите на насилство врз жените.

Во 2011, Европското женско лоби работеше во блиска соработка со ескпертите на Обсерваторијата за насилство врз жените со цел да излезат со оригинален извештај за националните акциски планови за насилство врз жените. Првиот барометар на ЕЖЛ имаше за цел да : преземе акции за постоечките национални акциски планови со цел да се слушне гласот на НВО за истите преку консултативен процес со националните влади кога се прави нацртот, имплементацијата и евалуацијата на НАП и  со цел да се потенцира проценката на НАП во соодветните земји од страна на женските организации.

Сегашниот Барометар 2013 се фокусира на силувањето како форма на сексуално насилство криминализирано во сите национални законодавства. Силувањето како и сите други форми на сексуално насилство е сé уште "заборавено прашање" наспроти фактот дека неговата преваленца и стапката на случување се високи насекаде.Дури и повеќе од другите форми на насилство на мажите врз жените , недостатокот на податоци ја крие вистинската бројка на случаи на силување и критичката потреба да се превенира и да се поддржат жртвите  и преживеаните како и да се преземат санкциии да се покренат судски постапки против сторителите.

Барометарот доаѓа во клучно време со оглед на развојот на европските политики за насилство врз жените . Главната придобивка е потпишувањето на Конвенцијата на Советот на Европа (исто така позната како Истанбулска конвенција) за борба против насилството врз жените и семејното насилство и негова превенција.Сé уше во процес на ратификација, конвенцијата има поставено минимум стандарди за сеопфатни политики на многу форми на насилство врз жените, потенцирајќи дека насилството врз жените е длабоко вкоренето во женската нееднаквост во општеството и е овековечено во културата на толеранција и одрекување.

На европско ниво, усвојувањето на Директивата во 2012год. која воведува минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на насилство и која треба да воспостави повеќе заштита и права на жртвите и да обезбеди нивно третирање со почит, полицијата, обвинителите и судиите треба да се обучат соодветно за да се справат со оваа појава, заштита на жртвите да постои во секоја земја –членка на ЕУ и жртвите  на силувањето да се идентификуваат и соодветно да бидат заштитени. Земјите членки на ЕУ имаат три години (до 16 ноември 2015) да ја интегрираат Директивата во нивното национално законодавство. Европскиот парламент кој во 2011 год. ја усвои Резолуцијата која повикуваше на стратегија за сите форми на насилство врз жените исто така ги повика ЕУ и индивидуалните земју –членки да ја потпишат и ратификуваат Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

Барометарот е многу важна алатка со цел да се добие преглед на усогласеноста на легислативата или на разликите во легислативата како и собирањето на податоците за силување на жените во рамки на принципите поставени со Истанбулската конвенција. Со фокусирањето само на силувањето, како на специфична форма на насилство врз жените се открива конретно како и каде се потребни подобрувања и промени. Членките на ЕЖЛ и

експерите како и другите женски организации се поканети да го забрзаат потпишувањето и ратификувањето на Истанбулската конвенција со цел да се искоренат сите форми на насилство врз жените како и да се излобира кај националните влади да обезбедат консултација со НВО на сите нивоа на креирање на политиките и приоритетите.

Во овој контекст Барометарот на ЕЖЛ го рефлектира повикот на женските организации за конкретна акција на европско ниво со цел да се изгради Европа слободна од сите форми на насилство врз жените.

**Барометар на силувањето во Европа во 2013**

Сексуалното насилство врз жените продолжува да биде едно од најбруталните форми на родово базирано насилство додека во исто време е и табу тема. Истражувањата за виктимизација покажуваат дека голем дел од сексуалните престапи остануваат неоткриени.

Официјални податоци за сексуалното насилство се тешки за пронаоѓање и студиите за преваленцата на насилство врз жените се генерално многу слаби за сексуалното насилство. Генерално, има многу малку или воопшто нема сервиси/услуги за давање помош на жените жртви на силување во најголем дел од европските земји.

Барометарот на силување на ЕЖЛ настојува да биде средство кое ќе ја намали невидливоста и ќе ги потенцира проблемите поврзани со легислативата , недостатокот на податоци и јазовите во услугите за соодветни структури кои даваат поддршка на жртвите.

**Факти и бројки за силувањето во Европа:**

Во Република Чешка, официјално се регистрираат едно до две силувања дневно –се претпоставува дека силувањето се пријавува во само 8% од случаите (додека силувањето кое се случува во семеен контекст и во партнерските односи се пријавува само во 3% случаи).

Во Данка , Советот за превенција на криминал изготвува статистика базирана на податоци добиени од Центрите за силување и од полицијата. Тие проценуваат дека секоја година во Данска има 2000 случаи на силување, 500 случаи се пријавени во полиција, во 300 случаи се поднесуваат тужби и во 150 случаи се донесуваат пресуди.

Во Франција, официјалните истражувања покажуваат дека 198,000 жени на возраст помеѓу 18-59 год. се жртви на силување или на обид за силување (2005-2006 CVS by INSEE-OND) . Во оваа земја секој ден се силуваат 205 жени, а само 2% од сторителите се осудени и само една жртва од 10 пријавува во полиција , 74% од случаите се сторени од познаник на жртвата (www.contrelevio.fr)

Во Холандија, скорешната студија укажува сдека 15% од жените на возраст помеѓу 25-70 год. и 8% од жените на возраст помеѓу 15-24 се силувани барем еднаш во текот на нивниот живот.

Во Шведска , бројките за 2011 покажуваат над 6120 силувања на жени и девојки , 3388 се случаи на силување на жени на возраст на 18 год., 1030 мажи се осомничени за криминалниот акт и 151 од нив се осудени.

Во Ирска , 21% од сторителите на сексуалното насилство над возрасни жени биле нивните партнери/поранешни партнери , 90% од сторителите се познати на жртвата (RCNIизвештај 20111)

**Законодавство**

И покрај скорешните напори да им се помогне на жените кои се жртви на силување или кои претрпеле сексуално насилство да добијат правда , општествените ставови продолжуваат да играат значајна улога во ограничувањето на правдата за жените кои имаат доживеано ваков вид криминално дело. Искуството на НВО и истражувањата кои се спроведени во текот на последните неколку години го потенцираа фактот дека има консистентен и алармантно висок спектар на лоши/негативни ставови од страна на јавноста кои ги обвинува жените за нивната виктимизација, кои веќе имаат трауматично искуство со припишување на одредени атрибути како резултат на однесувањето на жената. Трауматичната природа на силувањето бара посебно сензитивни одговори од страна на обучен и специјализиран персонал.  На жртвите на овој тип на насилство потребна им е моментална медицинска помош и поддршка комбинирана со непосредно форензичко испитување со цел да се соберат докази за покренување на обвинение. Понатаму,често има голема потреба за психолошко советување и терапија-често недели и месеци по случувањето. Недостатокот на ресурси сé уште е заедничко прашање во Европа.

Легислативата за сексуално насилство  вклучително и силувањето бавно ги рефлектира промените, ова посебно се однесува на криминализацијата на силувањето во брак во најголем дел од европските земји. Историски гледано, сексуалните престапи често се адресирани преку проблематичната рамка на моралност, јавна пристојност и чест и се гледани како криминален акт над семејството или општеството повеќе отколку како прекршување на индивидуалниот човечки интегритет. Најосновната дефиниција за силувањето еволуира различно во последните декади од присилно-базирана дефиниција со барање на докази на отпор на сексуалниот акт направен врз личност без согласнот од нејзина страна. Барометарот потенцира како концептот на сила сé уште е најраспространет во законската дефиниција за силувањето ширум Европа.

Европскиот суд за човекови права даде појаснување за ограничувачките дефиниции кои нудат неадекватна заштита на жените од сексуалното насилство, каде што дефинициите

кои се базираат на согласнот се поблиску до принципите на човекови права за заштита на човечкиот интегритет.Истанбулската конвенција јасно наведува дека секој сексуален акт без согласност е насилство и треба да биде криминализиран. Согласноста , а не користењето на сила е клучниот елемент.

Недостатокот на согласност понекогаш е тешко да се докаже и може во практика да резултира во секундарна виктимизација на жртвата со форсирање на обвинителство да докаже дека жртвата навистина не дала согласност /не се согласила на актот . Во обид да се избегне ваква секундарна виктимизација на жртвата , некои земји имаат разиено дефиниции за силувањето кои се потпираат на постоење на извесни околности повеќе отколку на демонстрирање на недостаток на согласност. Истанбулската конвенција го базира својот текст на ова и специфицира дека "Согласност мора да биде дадена доброволно како резултат на слобоната волја на личноста проценета во контекстот на околностите".

**Податоци**

Друг важен аспект кој треба да го мониторираме е собирањето на родово сегрегирани податоци. Европската студија на Институтот за родова еднаквост во 2011 го потенцираше генерално недостатокот на податоци за сексуално насилство. Знаејќи дека силувањето е криминализирано секаде во Европа она што статистиката открива во однос на виктимологијата е колку жените кои се жртви на случаи на силување поминуват низ системот на кривичната правда.

Од претходните истражувања и од искуството на НВО кои работат со жртвите на сексуално насилство , знаеме дека само мал бој на силувања се пријавуваат во полицијата споредбено со вистинскиот број на силувања. Бројките на европско ниво покажуват дека помеѓу 2% и 10% од силувањата се пријавени. Многу фактори влијаат на одлуката да се пријави криминалниот чин во полиција , страв од повторна виктимизација, срам, недоверба во правниот систем, (страв и верување дека нема да има резултат), траумите, или блиските врски со сторителот.

Студиите покажуваат дека најголемиот дел од случаите на силување се направени од страна на сторители познати на жената-жртва (членови на семејството, пријатели, момчиња) а не од странци (непознати сторители), спротивно на митот. Во вестите , многу голема важност е дадена на феноменот на 'групно силување', но што овој феномен претставува во групната слика за силувањето? Превенирањето на силувањето и сексуалното насилство претпоставува познавање на криминалните акти, околностите под кои се вршат и сторителите. Дури и ако сметаме дека само мал процент на случаите на силување поминуваат преку полицијата и правниот систем, знаеме дека сите случаи се евидентирани и ги даваат профили на сторителите , околностите под кои се вршат и

жртвите се исто така дел од овие досиеја. Но, дали  системот продуцира релевантни податоци кои треба да бидат дел од сеопфатните превентивни и политики на заштита ?

Истанбулската конвенција  бара државите-членки редовно да собираат сегрегирани податоци (член 11). Собирањето на податоци се стреми кон подигање на свеста за сериозноста на проблемот , охрабрување на жртвите да го пријават чинот и затоа даваат придонес во целта на државите за подобрување на превенцијата. Иако конвенцијата го остава отворен изборот за користење на податоците, изготвувачите инсистираат на извесни минимални барања. Како минимални барања , собраните податоци за жртвите и сторителите треба да бидат распределени по пол, возраст, тип на насилство, врска со сторителот, географска локација, како и други фактори кои се сметаат за релевантни , како што се попреченоста. Затоа треба подобро да знаеме кои се жртвите  и нивните врски/поврзаност со сторителите.

**Методологија**

Барометарот на ЕЖЛ е едноставен. За секоја земја базирано на евалуација на експертите на Обсерваториајта за насилство врз жените, дава оценки по однос на две прашања- легислативата за силувањето и собирањето на податоци.

Најголем дел од земјите членки на Совет на Европа ја имаат потпишано Истанбулската конвенција и се во процес на ратификација. Со цел да се даде ефект на конвенцијата со нејзино ратификување, државите-членки треба да ги почитуваат стандардите вклучени во конвенцијата со веројаност да го сменат својот кривичен законик или мерките да бидат во согласнот со текстот на конвенцијата.

Барометарот дава 2 (две) оценки за секој земја. Првата оценка дава евалуација на легислативата за силувањето како што е во текстот и во врска со дефинициајта во Истанбулската конвенцијата, другата оценка дава евалуација на расположливите податоци за жените жртви на силување.

За легислативата, одговорите кои  беа добиени  се поделени во 4 категории:

Нула категорија /оценка е за земји кои имаат легислатива далеку под дефиницијата за силување во Истанбулската конвенција и оценка 3 за легислатива која е подобра од минимум стандардите поставени во Истанбулската конвенција , додека пак оценката 2 е за оние кои се наоѓаат некаде помеѓу, на средина помеѓу минимум стандардите и добрите стандарди.

За прибирањето на податоци исто така има 4 категории.

Нулта категоријата , односно оценка е дадена кога нема официјални родово сегрегирани подотоци за жртвите на силување, што значи дека нема начин да се знае точниот број на жени жртви на силување од пријавените случаи, во полиција и /или правниот систем.

Оценка 1 е дадена за земји каде што статистиката на полицијата и криминалната статистика не вклучуваат никакви родово сегрегирани податоци за жртвите на силување, но каде официјалните истражувања за злосторството се земени генерално или за насилство врз жените , вклучително и силувањето. Ова не секогаш се прави редовно, но тие даваат родово сегрегирани податоци за искуството на жените и се генерално базирани на статистички важни примероци/случаи.

Оценката 2 укажува дека податоците за жртвите се родово сегрегирани, но генерално не даваат други информации ( на пример ништо за врската помеѓу сторителот и жртвата)

Конечно оценката 3 е најдобрата и укажува на тоа дека податоците се родово сегрегирани и даваат релевантни податоци како што се :

-силување во бракот

-силување од поранешен партнер

-силување од член на семејство

-силување од друг познат

-силување од непознат

-друго

**Главни наоѓања за 2013**

Барометарот јасно потенцира дека најголем дел од земјите треба да ја подобрат легислативата за силувањето со вклучување на стандардите од Истанбулската конвенција затоа што најголем дел од експертите (21/32) изјавиле дека во  нивната законска регулатива недостасуваат елементи за да биде соодветна на Истанбулската конвенција. Ова е така затоа што силата и заплашувањето се сé уште главни елементи во одредувањето на силувањето и сексуалното насилство. Во многу национални законодавства , обвинителството и истрагата зависат од жалбата покрената од страна на жртвата.Ако жртвата одбие да го поддржи обвинителството , случајот ќе биде отфрлен.Главен ризик за ваква одредба е дека жртвата може да ја откаже жалбата под притисок на сторителот. Земајќи го ова предвид како и емотивната комплексност на криминалните процедури за жртвата, вклучувајќи притисокод сторителот, најголем дел од случаите на силување остануваат непријавени или не ни стигнуваат до суд.

За шест земји Бугарија, Унгарија, Литванија, Малта, Србија и Украина, законската регулатива е далеку под минималните стандарди. Примери од клучна загриженост се: повикувањата на сексуална моралност во легислативата (Унгарија), дефиницијата за силувањето како криминален акт против мирот и честа на семејствотот (Малта) ,

можноста за сторителот да избегне санкции ако тој се омажи за жената пред да биде донесена пресудата (Бугарија) , недостаток на криминализација на силувањето во брак (Литванија).

Само 5 земји имаат легислатива која одговара на минималните стандарди или стандардите кои го надминуваат минимумот Ирска, Италија, Турција, Холандија, и Велика Британија (Шкотска, Северна Ирска, Велс и Англија)

Малиот број на пријавени случаи индицира на неспособноста на криминалниот правосуден систем да се справи соодветно со случаите кои вклучуваат сексуално насилство. Ова бара разбирање на феноменот, политичка волја, и да се посветат сите средства неопходни за да се обезбеди правдата да биде достижна на жртвата. Коментарите од страна на експертите се однесуваат најмногу на предизвиците , а тоа се да се донесат случаите на силување пред суд.Тие нагласуваат дека недостигот на достапни информации за жртвите , но исто така и митовите и стереотипите се се́ уште распространети помеѓу полицијата, обвинителите и судиите. Затоа жените често се соочуваат со дополнителни ризици кога го пријавуваат силувањето на властите  и затоа често нема гаранција дека тие ќе бидат третирани со почит од страна на правниот систем. Генерално недостасуваат специјализирани и интегрирани услуги за жртвите на сексуално насилство за време на криминалните постапки. Недостаток или неприменливоста на заштитни мерки за жртвите на силување  заедно со недостаток на свест помеѓу спроведување на законот и правниот и судскиот персонал ја загрозува безбедноста на жртвите и придонесува кон секундарна виктимизација.

Ова води кои мал број на пријавени случаи, и  жени кои преферираат да го скријат фактот дека биле силувани. НВО кои работат со жртвите пријавуваат како тие (жртвите) се жалат за судските процедури, дека тие се́ уште се прашувани за нивните сексуални преференци сексуална историја, можните абортуси, користењето на дрога и алхохол.

Расположливи податоци за жените жртви на силување се навистина скромни, со неколку ислучоци, информации за жени жртви на пријавени случаи на силување се непостоечки. Полицијата и правниот систем , кога ги евидентираат случаите , не публикуваат или не собираат родови податоци. Кога постојат податоци за жртвите на силување, тие најчесто се родово слепи.

Дури и во најдобрите случаи, официјалната статистика покажува само мал дел од актуелната преваленца. Многу експерти потенцираат дека голем дел на случаи на силување остануваат непријавени бидејќи жените се плашат да побараат заштита, не знаат каде да одат или не веруваат дека постоечкиот правен систем ќе ги заштитти. Родовите стеротипи како и општествените очекувања во однос на однесувањето на жените и мажите (родовите улоги) можат да придонесат кон атмосфера каде прибирањето на податоци за силувањето е можно и прифатливо.

EUROPEAN WOMEN'S
LOBBY
EUROPEEN DES FEMMES

Во најголем дел од земјите (18) нема соодветни услуги или соодветна линија за помош за жените жртви на насилството . И секаде експертите го потенцираат фактот дека има недоволни ресурси за овој проблем, дека е потребно поголемо внимание со цел да се овозможат лесно пристапни центри за жените жртви на силувањето и центри за упатување, поддршка и советување на оние кои го доживеала тоа трауматично искуство.

Се надеваме дека Барометарт на ЕЖЛ ќе биде искористен како алатка за постигнување на минималните стандарди за превенција, заштита и правда за жените . ЕЖЛ и Обсерваторијата за насилство врз жените во рамки на ЕЖЛ имаат намера да придонесат кон развој на европските стратегии за борба против овие широко распространети прекршувања на женските човекови права. Примерот на силување е земен како репрезентативен  кој мажите индивидуално и колективно го користат со цел да ја докажат својата моќ , да ја држат контолата во свои раце и да ја сочуваат доминацијата над жените. Не е доволно да се биде задоволен со стратегиите кои едноставно само го адресираат прашањето со обезбедување на посредни и нецелосни мерки. Крајната цел мора да биде е придонес кон општеството каде што машкото насилство е неприфатлива форма на однесување.

**Примери за легислативата:**

Во Холандија и Велика Британија легислатвивата е подобра од минималните стандарди на Конвенцијзта на Совет на Европа

Во Италија , Ирска и Турција , легислативата кореспондира со минималните стандарди пропишани во Конвенцијата

Во Австрија, Белгија, Хрватска, Република Чешка, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Исланд, Латвија, Луксембург Македонија, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Шпанија, Шведска, легислативата има одредени елементи дефинирани во Конвенцијата , но и недостасуваат други елементи.

Во Бугарија, Унгарија Литванија, Малта, Србија и Украина , легислативаа не кореспондира со минималните стандарди пропишани од страна на Конвенцијата

www.womenlobby.org

http://www.womenlobby.org/publications/rapports/article/2013-ewl-barometer-on-rape-report?lang=en

http://www.womenlobby.org/s-impliquer/campagnes-et-actions-du-lef/act-against-rape-use-the-istanbul-286/act-against-rape-video/?lang=en

EUROPEAN WOMEN'S
LOBBY
EUROPEEN DES FEMMES